| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Промените на природата во есен |
| **Содржина на денот** | Есенска песна - обработка на песна |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Александра Стојановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема хигиенски навики, често миење на раце, користење средства за дезинфекција, и повторување на веќе стекнатите знаења за здравјето и безбедноста. |
| **Активности** | Со детето започнете разговор за годишното време есен. По избор разгледајте неколку слики или апликации на темата. Како вовед во обработка на песната за есента, најпрво направете вежби за правилно дишење и земање воздух ( можете преку игра дување балони или вдиши-издиши со броење). Потоа, на детето прочитајте му го текстот за песната „Есен“ од Ненад Џамбазов.<br><br>Еве, пак ни дојде принцезата есен,<br>Листовите капат, дува ветрот бесен<br><br>Јаболката зреат, гроздовите тежат,<br>Уште многу плодови несобрани лежат<br><br>Погледни во полето, орач бразди плуг,<br>А вчера и птиците летнаа на југ.<br><br>Доколку има непознати зборови за детето, објаснете му ги.<br>Пуштете му ја песната неколку пати целата до крај, а потоа обработете ја строфа по строфа. Пејте ја заедно со детето, при што внимавајте на воедначување на гласот , и на јасната дикција при пеење на песната.<br>Активноста продолжете ја со сензорната игра „Препознај кое овошје |

| | |
|---|---|
| | сум“, каде децата со затворени очи треба да вкусат парчиња од неколку овошја, и да погодуваат по мирис и вкус за кое овошје станува збор.<br>Потоа, продолжете со играта „Каде припаѓам ?“, во која децата треба да класифицираат овошја по боја, форма, големина итн.<br>Активноста завршете ја интересна и креативна игра. Соберете со детето есенски лисја во разни бои и форми. Од нив на лист од блок можете со лепило да правите разни животни, или форми по избор ( слика бр.7 и слика бр 8.).<br>Користена песна „Есен“ од детскиот фестивал „Поточиња“ 2007 г., линк во прилог: https://www.youtube.com/watch?v=1FcK2GfnxP4 |